Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд

e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 8**

**05.06.2013**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за усвојување на Елаборат за процена на штети од природна непогода „Поплава“**

1.Ја објавувам Одлуката за усвојување на Елаборат за процена на штети од природна непогода „Поплава“, донесена на првиот дел на петата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 03.06.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 470/1** **Општина Демир Хисар**
**05.06.2013 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Љупчо Блажевски с.р.**

**44.**Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02), член 131 став 1 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ бр.36/04), Законите за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување „Службен весник на РМ“ бр.86/08, 124/10 и 18/11, Уредбата за начинот на работата на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи („Службен весник на РМ“ бр. 98/05 и 152/10), Одлуката за донесување на единствена методологија за процена на штетите од елементарни непогоди („Службен весник на РМ“75/01) и член 15 точка 9 од Статутот на општина Демир Хисар (“Службен гласник на општина ДЕмир Хисар“ бр.03/02и бр.4/05), Советот на општина Демир Хисар на својата седница одржана 03.06.2013 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Елаборатот за процена на штети од природна непогода „Поплава“**

Член 1
Се усвојува Елаборатот за процена на штети од природна непогода „Поплава“, што ја зафати Општина ДЕмир Хисар, атарите на селата Мургашево, Единаковсци и Света на 07 април 2013 година.

Составен дел на оваа одлука е Елаборатот од комисијата за проценка и утврдување на штети од елементарни непогоди.

Член 2
Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 07-429/3** **Совет на општина Демир Хисар**
**03.06.2013 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Ќире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на висината на стапките на данок на промет на недвижности во Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлука за утврдување на висината на стапките на данок на промет на недвижности во Општина Демир Хисар донесена на првиот дел на петтата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 03.06.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 470/2** **Општина Демир Хисар**
**05.06.2013 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Љупчо Блажевски с.р.**

**45**.Врз основа на член 22 од Законот за даноците на имот "Службен весник на РМ" бр.61/04..84/12, а во врска со член 104 точка 3 од Статутот на општина Демир Хисар "Службен гласник на општина Демир Хисар" бр. 3/02 година, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 03.06.2013 година, донесе

О Д Л У К А
За утврдување на висината на стапките на данокот на промет на недвижности во општина Демир Хисар

Член 1
Со оваа Одлука се утврдува висината на стапките на данокот на промет на недвижности во општина Демир Хисар, а се друго во врска со данокот на промет на недвижности се применува од Законот за даноците на имот.

Член 2
Висината на стапката за данокот на промет на недвижности во општина Демир Хисар се утврдува на 3 %

Член 3

Основа за пресметување на данокот на промет на недвижности представува пазарна вредност на недвижности во моментот на настанувањето на обврската.

Член 4

Утврдување на пазарната вредност на недвижноста се врши според Методологијата за утврдување на пазарна вредност.

Утврдувањето на пазарната вредност на недвижниот имот ја врши лице проценувач кое е вработено во единицата на локалната самоуправа, а по барање на единицата на локалната самоуправа може да ја врши и лице кое е овластен проценувач.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила 8 ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Демир Хисар"

**Бр.07-429/4 Совет на општина Демир Хисар**
**03.06.2013 година Претседател,**
**Демир Хисар Ќире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Одлука за утврдување на висината на стапките на данок на наследство и подарок во Општина Демир Хисар

1.Ја објавувам Одлука за утврдување на висината на стапките на данок на наследство и подарок во Општина Демир Хисар донесена на првиот дел на петтата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 03.06.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 470/3 Општина Демир Хисар**
**05.06.2013 година Градоначалник**
**Демир Хисар Љупчо Блажевски с.р.**

**46.**Врз основа на член 16 став 3 од Законот за даноците на имот "Службен весник на РМ" бр.61/04...84/12, а во врска со член 104 точка 3 од Статутот на општина Демир Хисар "Службен гласник на општина Демир Хисар" бр. 3/02 година, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 03.06.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување на висината на стапките за пресметување на данок на наследство и подарок во општина Демир Хисар**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува стапката за пресметување на висината на наследство и подарок спрема наследниците односно примателите на подарок, а во се друго се применуваат одредбите од Законот за даноци на имот.

Член 2

Стапката за данок на наследство и подарок во општина Демир Хисар се утврдува и тоа:

-за обврзници од втор наследен ред во висина од 3 %

-за обврзници од трет наследен ред или обврзници кој не се во сродство со оставителот во висина од 5 %

Член 3

Основица за пресметување на данок на наследство и подарок представува пазарната вредност на наследност односно на подарок примениот имот во моментот на настанување на даночната обврска намалена за долговите и трошоците што ги теретат имотот кој е предмет на оданочување.

Член 4

Пазарната вредност на наследниот односно на подарок примениот имот се утврдува според Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот донесена од Владата на Р.Македонија.

Член 5

Утврдување на пазарната вредност на недвижноста се врши според Методологијата за утврдување на пазарна вредност.

Утврдувањето на пазарната вредност на недвижниот имот ја врши лице проценувач кое е вработено во единицата на локалната самоуправа, а по барање на единицата на локалната самоуправа може да ја врши и лице кое е овластен проценувач.

Член 6

Оваа Одлука влегуваво сила 8 дена од донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Демир Хисар".

**Бр.07-429/5 Совет на општина Демир Хисар**
**03.06.2013 година Претседател,**
**Демир Хисар *Ќире Ристевски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

З А К Л У Ч О К
За објавување на Одлука за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Демир Хисар

1.Ја објавувам Одлука за утврдување на висината на стапките на комуналните такси во Општина Демир Хисар донесена на прviот дел на петтата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 03.06.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 470/4** **Општина Демир Хисар**
**05.06.2013 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Љупчо Блажевски с.р.**

**47**.Врз основа на чл. 20 од Законот за комунални такси (Сл. Весник на РМ бр. 61/04...84/12), а во врска со чл. 104 точка 3 од Статутот на општина Демир Хисар („ Службен гласник на општина Демир Хисар „ бр. 3/2002), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 03.06.2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За утврдување на висината на комуналните такси**

Член 1
Со оваа одлука се утврдуваат комуналните такси што се плаќаат за користење на определени права, предмети и услуги од јавен интерес од локално значење од страна на правните и физичките лица што вршат дејност и од граѓаните.

Член 2
Висината на комуналните такси се утврдува во рамките утврдени со Тарифата за комунални такси како што следува:

ТАРИФА ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ

Тарифен број број 1
За фирма односно назив на :
а) деловните простории на физички лица кои вршат дејност .......... 2000 ден.
б) деловните простории на физичките лица кои вршат дејност , а данокот го плаќаат во паушален износ .................. 500 ден.
в) деловните простории на трговските друштва и другите правни лица од обласата на производството,прометот и услугите, освен за продавници, киосци, деловни единици и сл. за кои таксата изнесува 2000 ден....6000 ден.
- деловни простории на правни лица од комуналните дејности ...... 3000 ден.
- деловни простории на трговските друштва и други правни лица, како и на откупните пунктови кои дејствуваат повремено 3000 ден.

Тарифен број 2
За користење на површини во кампови , за подигање на шатори и друга слична привремена употреба -дневно 30 ден.
Наплатата на таксата ја вршат угостителските , туристичките и други правни лица , другите даватели на угостителски и туристички услуги, физичките лица кои вршат угостителска и туристичка дејност .
Давателите на услуги, наплатената такса ја уплатуваат на соодветна уплатана сметка во рамките на трезорската сметка на општината .

Тарифен број 3
За користење на просторот пред деловни простории за вршење дејност од м2 дневно

- прва 7 ден
- втора зона 6 ден
- треат зона 5 ден

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за издавање на одобрение за вршење на дејност и ја уплатува на соодветна сметка во рамките на трезорската сметка за општината.

Тарифен број 4
За истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места се плаќа такса и тоа:
- до седум дена 600 ден
- до 30 дена 1000 ден
- до една година 1600 ден

Тарифен број 5
За користење на музика во јавни локали
- годишно 5000 ден

Тарифен број 6
За поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории годишно
- за физички лица кои вршат дејност 1000 ден.
- за правни лица од обласста на производството , прометот и услугите 2000 ден.

Тарифен број 7
За користењето наплоштадите и друг простор во градовите и други населени места со цел за изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност се плаќа такса за
заземена површина од м2 дневно ...........5 ден.

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за издавање одобрение за изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината.

Тарифен број 8

За користење на просторот за паркирање на моторни возила:
паркирање на патнички возила на јавни паркиралишта
- дневно 25 ден
- по саат 15 ден
паркирање товарни моторни возила и автобуси
- дневно 100 ден
паркирање на приколки-дневно 50 ден.

Наплата на таксата ја врши правното лице на кое му е доверено организирањето и одржувањето на паркинг-плацот и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината.

Тарифен број 9

за користење на улиците со патнички , товарни моторни возила , автобуси , специјални возила и мотоцикли и тоа:
- за патнички возила до 1000 кубика 50 ден
- за патнички возила од 1000 до 1300 кубика80 ден
- за патнички возила од 1300 до 1500 кубика100 ден
- за патнички возила од 1500 до 1800 кубика 300 ден
- за патнички возила над 1800 кубика 450 ден
- за товарни возила по тон носивост 100 ден
- за автобуси и други возила што служат за превоз на патници 600 ден
- за специјални возила 50 ден
- за сите видови мотоцикли 50 ден

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за регистрација на возилата и ја уплатува на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината .

Тарифен број 10

За користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса во висина на противвредност од 15 квч по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија.

Наплатата на таксата за користење и одржување јавно осветлување од имателите на броило ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината.

Член 3

На обврзникот на комуналната такса , Градоначалникот на општината му издава Решение за висината на комуналната такса.

Член 4

Наплатата на комуналните такси се врши без издавање на Решенија за:

- користење на просторт пред деловни простории за вршење дејност
- користење на просторот за паркирање на моторни возила и нивните приколки, моторцикли , мотори и велосипеди
- истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места
- користење и одржување на јавно осветлување
- користење на површини во кампови, за подигање на шатори и
друга слична привремена употреба.

Член 5

Одлуката влегува во сила 8 ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 07 - 429/6** **Совет на општина Демир Хисар**
**03.06.2013 год.** **Претседател,**
**Демир Хисар** ***Ќире Ристевски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

З А К Л У Ч О К

За објавување на Одлука за определување на вредност на градежно неизградено земјиште за градот Демир Хисар и селата во Општина Демир Хисар и определување на почетна вредност на земјоделско земјиште по катастарски општини

1.Ја објавувам Одлука за определување на вредност на градежно неизградено земјиште за градот Демир Хисар и селата во Општина Демир Хисар и определување на почетна вредност на земјоделско земјиште по катастарски општини донесена на првиот дел на петтата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 03.06.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 470/5** **Општина Демир Хисар**
**05.06.2013 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Љупчо Блажевски с.р.**

**48.**Врз основа на член 26 и 27 од Законот за даноци на имот /“Службен весник на РМ“ бр. 61/04...84/12 и член 12 и 13 од Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот /“Службен весник на РМ“ бр. 50/05/ и член 55 точка 4 од Статутот на Општина Демир Хисар /“Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр. 3/02; 4/05 и 7/09/ , Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 03.06.2013 година донесе

## О Д Л У К А
### за определување вредност на градежно неизградено земјиште за градот Демир Хисар и селата во општина Демир Хисар и определување на почетна вредност на земјоделско земјиште по катастарски општини

Член 1

Со оваа Одлука се определува вредност на градежно-неизградено земјиште според местоположбата за градот Демир Хисар и селата во општина Демир Хисар и почетната вредност на земјоделското земјиште по катастарски општини.

Член 2

Цената за метар квадратен градежно неизградено земјиште ќе се движи во зависност од зоната во градот и населеното место и тоа:

I Во Демир Хисар

1. за I зона по 400,оо денари по м2, а ги опфаќа ул.Битолска, ул.Маршал Тито и ул. 1-ви Мај до раскрсницата со ул.Илинденска;

2.за II зона од 320,оо денарои по м2 останатиот дел од новата населба;

3. за III зона од 240 м2 денари по м2 делот под комуникација Битола-Кичево.

**II.** Во селата Кутретино, Суводол, Слепче, Белче, Сопотница

по 160,оо денари по м2

**III.** Во селата Обедник, Загориче, Утово, Стругово, Вардино, Граиште, Бараково, Единаковци, Света, Сладуево, Прибилци, Журче и Жван

по 80,оо денари по м2

**IV**. во останатите села по 50,оо денари по м2

Член 3

Почетната вредност на земјоделското земјиште во катастарските општини во денари за м2 ќе изнесува:

| р.бр | катастарска општина | Класа I | Класа II | Класа III | Класа IV | Класа V | Класа VI | Класа VII | Класа VIII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Демир Хисар и населените места | 60 | 50 | 40 | 30 | 30 | 20 | 10 | 10 |

Член 4

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи одлуката бр.07-1088/1 од 27.10.2009 година.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-429/7** **Совет на Општина Демир Хисар**
**03.06.2013 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Ќире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

## З А К Л У Ч О К
### За објавување на Одлука за измени и дополнување на Програмата за УП на општина Демир Хисар за 2013

1.Ја објавувам Одлука за измени и дополнување на Програмата за УП на општина Демир Хисар за 2013 донесена на првиот дел на петтата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 03.06.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 470/6** **Општина Демир Хисар**
**05.06.2013 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Љупчо Блажевски с.р.**

**49.**Врз основа на член 22 став1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02) а во согласност со член 17 точка 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 60/2011-пречистен текст), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл. Гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 03.06.2013 година донесе

**О Д Л У К А**

***За изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2013год.***

**Член 1**

**Во членот 1, точка II, после подточката 1 се додаваат две нови подточки, 2 и 3, кои гласат:**

- **Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр. 2307 и КП бр.2297, КО Демир Хисар, со намена домување, со површина која накнадно ке се утврди. Измената се врши согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Кирило Блажевски и Живко Блажевски, Демир Хисар.**
- **Изработка на Измени и дополнувања на ДУП за Демир Хисар, за КП бр.1767, КО Демир Хисар, со намена Б1 – мали комерцијални и деловни објекти, со површина која накнадно ке се утврди. Измената се врши согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барања за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Тони Трајчевски, Добре Бакиевски и Пецо Јанкуловски.**

**Во членот 1, точка III, после подточка 4 се додаваат две нови подточки, 5 и 6, кои гласат:**

- **Изработка на Урбанистички план за вон населено место, на КП бр.1 КО Големо Илино, со намена - туристички локалитет, предвиден и со Просторниот План на РМ ("Сл. Весник на РМ", бр.39/04 г.), во површина од приближно од 2,5 ха. Земјишетето е во сопственост на РМ, пасиште, трета класа.**
- **Изработка на Урбанистички план вон населено место (проширување на опфат), со намена домување, со опфат за КП бр. 123/2, КО Сладуево, со површина од 3687м$^2$. Измената се врши согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект од страна на Димче Марковски од Битола, ул. „Климент Охридски“ бр. 25/7.**
- **Изработка на Урбанистички план за с.Растојца, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект за домување (викенд куќа) на КП бр. 976, КО Растојца, од страна на Васко Бојаџиев, од Демир Хисар.**
- **Изработка на Урбанистички план за с.Белче – проширување на опфат, согласно чл. 8 од Законот за изменување на Законот за утврдување правен статус на бесправно изграден објект, а по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден деловен објект – пилана за обработка на дрвена граѓа, на КП бр. 127/1, КО Белче, од страна на Љубе Стојановски од с.Белче.**

**Во членот 1, точка IV, после подточка 9, се додава нова подточка 10, која гласи**

- **Изработка на ЛУПД за Изградба на Базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4086 Железнец, на дел од КП бр. 634, КО Велмевци, Општина Демир Хисар, со вкупна површина на плански опфат од 36m$^2$ и намена Е2-комунална инфраструктура/телекомуникациска инфраструктура.**
  **Измената на Програмата се врши за потребите на ВИП Оператор, а по барање на Егнатиа Скопје, доставено до општина Демир Хисар, од 14-12-2012.**

**Член 2**

Програмата влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.07-429/8** | **Совет на општина Демир Хисар**
**03.06.2013 година** | **Претседател,**
**Демир Хисар** | **Ќире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за изработка на УП за вон населено место на КП.бр. 1 КО Големо Илино со намена –туристички локалитет**

1.Ја објавувам Одлука за изработка на УП за вон населено место на КП.бр.1 КО Големо Илино со намена-туристички локалитет донесена на првиот дел на петтата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 03.06.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 470/7** **Општина Демир Хисар**
**05.06.2013 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Љупчо Блажевски с.р.**

**50.**Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02), а во согласност со член 13, член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 60/2011, 144/2012) и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 03.06.2013 год. донесе

**О Д Л У К А**
**за отпочнување на изработка на Урбанистички план вон населено место со намена туристички локалитет, на дел од КП бр. 1, КО Големо Илино, општина Демир Хисар**

**Член 1**

**Се отпочнува со изработка на Урбанистички план за вон населено место, на КП бр.1 КО Големо Илино, со намена – туристичко рекреативен комплекс Големо Илино, предвиден и со Просторниот План на РМ ("Сл. Весник на РМ", бр.39/04 г.), во површина од приближно од 2,5 ха. Земјиштетето е во сопственост на РМ, пасиште, трета класа.**

Одлуката се донесува согласно Одлуката за добивање средства за општина Демир Хисар, за изработка на проекти за развој на пелагониските региони во 2012год. Одлуката е донесена од Влада на РМ на седница одржана на 02-10-2012го.

**Член 2**

Согласно чл. 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, финансирањето на плановите од Програмата, може да биде од страна на правни и физички лица, чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општините.

**Член 4**

Програмата влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-429/9** **Совет на општина Демир Хисар**
**03.06.2013 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Ќире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

З А К Л У Ч О К
За објавување на Одлука за изработка на ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4086 Железнец на дел од КП бр.634 КО Велмевци

1.Ја објавувам Одлука за изработка на ЛУПД за изградна на базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4086 Железнец на дел од КП.бр. 634 КО Велмевци донесена на првиот дел на петтата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 03.06.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 470/8** **Општина Демир Хисар**
**05.06.2013 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Љупчо Блажевски с.р.**

**51.**Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02), а во согласност со член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 60/2011, 144/2012) и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 03.06.2013 год. донесе

**О Д Л У К А**
**за отпочнување на изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на Базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4086 Железнец, на дел од КП бр. 634, КО Велмевци, Општина Демир Хисар**

**Член 1**

Се отпочнува со изработка на **ЛУПД за изградба на Базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4086 Железнец, на дел од КП бр. 634, КО Велмевци, Општина Демир Хисар, со вкупна површина на плански опфат од 36m$^2$ и намена Е2-**

**комунална инфраструктура/телекомуникациска инфраструктура, согласно усвоена Планска програма, Геодетски Елаборат за ажурирана подлога, графички прилог и Решение за услови за планирање на просторот, кои се составен дел на оваа Одлука.**

Одлуката се носи согласно Иницијативата поднесена од страна на **„Егнатиа Скопје дооел“**, доставена до општина Демир Хисар, бр. 11-42 од 15-06-2012год., а за потребите на ВИП Оператор.

**Член 2**

Согласно чл. 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, финансирањето на плановите од Програмата, може да биде од страна на правни и физички лица, чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општините.

**Член 4**

Програмата влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-429/10** — **Совет на општина Демир Хисар**
**03.06.2013 година** — **Претседател,**
**Демир Хисар** — **Ќире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

З А К Л У Ч О К
За објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2012 година на подрачјето на Општина Демир Хисар

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2012 година на подрачјето на Општина Демир Хисар донесен на првиот дел на петтата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 03.06.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 470/9** — **Општина Демир Хисар**
**05.06.2013 година** — **Градоначалник**
**Демир Хисар** — **Љупчо Блажевски с.р.**

**52**. Врз основа на член 92 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02, 4/05 и 7/09) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 03.06.2013 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештај за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Демир Хисар за 2012 година**

1.Се УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Демир Хисар за 2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 07-429/11** — **Совет на Општина Демир Хисар**
**03.06.2013 година** — **Претседател,**
**Демир Хисар** — **Ќире Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/02), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09) , донесувам

З А К Л У Ч О К
За објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија на граѓани и НВО за 2012 година

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија на граѓани и НВО за 2012 година донесен на првиот дел на петтата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 03.06.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 470/10** — **Општина Демир Хисар**
**05.06.2013 година** — **Градоначалник**
**Демир Хисар** — **Љупчо Блажевски с.р.**

**53**.Врз основа на член 92 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02, 4/05 и 7/09) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 03.06.2013 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија на граѓани и НВО за 2012 година**

1.Се УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија на граѓани и НВО за 2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 07-429/12** **Совет на Општина Демир Хисар**
**03.06.2013 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Ќире Ристевски с.р.**

---------------------------------------------------------------

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Одлука за усвојување на Елаборат за процена на штети од природна непогода „Поплава„-----------1
2Одлука за утврдување на висина на стапките на данок на промет на недвижности во Општина Демир Хисар----------------------------------------------------1-2
3Одлука за утврдување на висина на стапките за пресметување на данок на наследство и подарок во општина Демир Хисар---------------------------2
4. Одлука за утврдување на висината на комуналните такси------------------------------3
5. Одлука за определување вредност на градежно неизградено земјиште за градот Демир Хисар и селата во општина Демир Хисар и определување на почетна вредност на земјоделско земјиште по катастарски општини--------------------------- 5
6.Одлука за иамени и дополнуавњена Програмата за донесување на УП за Општина Демир Хисар за 2013-------------------------------------------------6
7. Одлука за отпочнување на изработка на УП вон населено место со намена туристички локалитет на дел од КП бр.1 КО Големо Илино општина Демир Хисар -------------------- ---------------------------7
8. Одлука за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија ПЛП 4086 Железнец на ден од КП.бр.634, КО Велмевци Општина Демир Хисар-----------------7-8
9. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за улично осветлување на Општина Демир Хисар за 2012 година----------8
10. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија на граѓани И НВО за 2012 година-----------------------------8-9

**Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник.**
**Љупчо Блажевски**
**Компјутерска обработка: Виолета Пајковска**